**Владо Поповски, Ванчо Ѓорѓиев,**
**Зоран Тодоровски, Виолета Ачкоска**

# СОЗДАВАЊЕТО НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА

Македонска реч

МАКЕДОНИКА литера

**Скопје, 2014**
**МАКЕДОНИЈА**

**Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев**

# БОРБАТА ЗА АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА И ЗА СОЗДАВАЊЕ МАКЕДОНСКА ДРЖАВА (1893 – 1912)

**1.** Значајно место во колективната свест и во историјата на македонскиот народ заземаат револуционерната борба од крајот на XIX и од почетокот на XX век и Илинденското востание од 1903 година. Најдобар показател за тоа, но и потврда на континуитетот на македонската борба за сопствена држава, претставува фактот дека Првото заседание на АСНОМ, на кое била конституирана македонската држава во 1944 година, се одржало на 2 август – денот кога започнало Илинденското востание. Покрај тоа, во македонската химна се споменуваат дури четири имиња (Гоце Делчев, Питу Гули, Даме Груев и Јане Сандански) што претставуваат своевидни симболи на организацијата што ја повела македонската борба за сопствена држава. Од 2007 година, 23 октомври – денот на основањето на Македонската револуционерна организација е прогласен за државен празник. Се разбира, во истиот период (1893 – 1912 година) дејствувале и други асоцијации, здруженија и поединци чија активност е поврзана со идејата за создавање македонска држава.

Организацијата што ја повела македонската борба за слобода и за сопствена држава, која е длабоко вкоренета во колективната свест на македонскиот народ, е основана на 23 октомври / 4 ноември 1893 година во Солун. Нејзиното прво име е Македонска револуционерна организација (МРО). По 1896 година, таа е преименувана во Тајна македоно-одринска револуционерна организација (ТМОРО), а од 1905 година во Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО). Најпосле дошло името ВМРО, кое и најчесто се користи за именување на споменатава организација во сите периоди, без оглед на нејзиното официјално именување во конкретните периоди.

За да може да се сфатат суштината, карактерот и премрежијата на македонската борба за слобода и за сопствена држава од крајот на XIX и

почетокот на XX век, неизбежно е да се направи кратка ретроспектива на општествено-политичките процеси и тенденции во и околу османлиска Македонија во тој период.

**2**. По Берлинскиот конгрес од 1878 година, Балканот во својот историски развој зачекорил во нова фаза – фаза што го најавила блискиот крај на османлиската доминација на европска почва, а воедно и воведот во идниот балкански заплет. Берлинскиот конгрес извршил големи промени на геополитичката карта на Балканскиот Полуостров. Со ревизијата на Санстефанскиот договор биле создадени трибутарното Кнежество Бугарија и автономната провинција Источна Румелија (последната во 1885 година се обединила со Кнежеството Бугарија во единствена држава). Во исто време, Србија, Црна Гора и Романија се здобиле со независност, а првите две и со територијално проширување. Австро-Унгарија добила право на окупација на Босна и Херцеговина и право на воен гарнизон и на воено-трговски патишта во Новопазарскиот санџак. Османлиската администрација таму останала формално. Со тоа бил отворен патот на австроунгарските експанзионистички намери кон југ, респективно кон Македонија. Набрзо по Берлинскиот конгрес, за надминување на недоразбирањата, територијално проширување добила и Грција. По овие промени, османлиската власт по Берлинскиот конгрес реално останала во Албанија, во Косово и во Македонија, кои со престолнината Истанбул биле поврзани преку еден тесен појас во Тракија. Само со бегол поглед на политичка карта на Балканот, очигледна е неодржливоста на политичките граници.




*Балканот по Берлинскиот конгрес*

Според решенијата на Берлинскиот договор, за Македонија, како и за другите делови на европска Турција, бил предвиден членот 23 од договорот. Според него, Империјата била обврзана во своите европски владенија да воведе реформи врз основа на посебни статути, аналогни на Критскиот органски устав од 1868 година. Интересно е тоа што во врска со оваа одредба, иако станува збор за повеќе „провинции", тие се подведени под заедничкиот именител „европска Турција". Под овој општ термин влегува и Македонија, која во административен поглед била поделена на три вилаети: Солунски, Битолски и Косовски (Скопски). Обврските од член 23 од Берлинскиот договор Османлиската Империја вешто ги одбегнала со усвојувањето на т.н. Нов закон за вилаетите во 1880 година. Споменатиов закон, иако сериозно отстапувал од Критскиот органски устав, никогаш не бил спроведен целосно. Токму поради тоа, членот 23 од Берлинскиот договор станал појдовна основа во идните политички барања на македонското револуционерно движење.

По Берлинскиот конгрес, големите сили, иако декларативно се изјаснувале за зачувување на целоста на Османлиската Империја, оваа политика сами ја компромитирале уште на почетокот. Во натпреварот по колонии и по економско-политичка доминација во светот, односите меѓу големите сили добиле поинаков тек. Бидејќи центарот на политичките интереси и противречности од Балканот се преместил во другите делови на светот, ставовите на големите сили во однос на европска Турција биле наполно подредени на нивните глобални планови. Во овој период, европските сили започнале да се групираат во два противставени блока – подготвувајќи го амбиентот за првиот глобален конфликт. Во однос на Балканот, а во тој контекст и кон Македонија, нивната политика се сведувала на привремено зачувување на постојниот статус кво.

Османлиската Империја, чувствувајќи ги противречните интереси меѓу европските сили, настојувала да лавира меѓу едните и другите, притоа вешто одбегнувајќи ги наложените обврски. За да ги избегне компликуваните ситуации, Империјата повремено сама предлагала незначителни реформи, кои во основа не менувале ништо. По Берлинскиот конгрес, приматот на најзаинтересирани страни за Балканот и понатаму го имале Русија и Австро-Унгарија. Поради своите противречни интереси, двете земји декларативно изјавувале дека се за зачувување на постојниот статус кво, но под овој изговор секоја од нив настојувала да ги култивира просторот и амбиентот според своите интереси. Така, со спогодбата од 1897 година, Русија и Австро-Унгарија, иако изјавиле дека се за зачувување на постојниот статус кво во европска Турција, при евентуална промена на ситуацијата, допуштале создавање албанско кнежество, а во контекст на Македонија, прејудицирале нејзина поделба меѓу соседните

балкански држави при што требало да се задржи рамнотежата на силите. Во меѓувреме, Русија, која била зафатена со проблемите на Далечниот Исток, за да се обезбеди од австрискиот пробив кон југ, играјќи на картата на словенството и на православието, иницирала српско-бугарско приближување за сметка на Македонија, како противтежа на австриските аспирации.

Токму поради противречноста на глобалните интереси на европските сили во споменатиов период, реформските процеси што биле преземани во османлиска Македонија првенствено претставувале обид за превенирање на немирите и за неутрализирање на македонското револуционерно движење. Во тој контекст, делумно исклучок претставува Велика Британија, која, поаѓајќи од своите интереси, ја променила поранешната позиција и поотворено се застапувала за автономија на Македонија.

Во меѓувреме, младите балкански земји Бугарија, Србија и Грција, повикувајќи се на некакви „историски права", манифестирале територијални претензии кон османлиското наследство на Балканот, во чиј центар се наоѓала Македонија. Споменативе земји, свесни за своите потенцијали и противречни интереси, кои се вкрстувале во Македонија, кон крајот на XIX век започнале преговори за поделба на сфери на влијание како прв чекор кон идната поделба на Македонија, но поради преголемите апетити, преговорите не донеле конкретни резултати. Меѓутоа, самиот факт што трите земји повеле меѓусебни преговори за поделба на османлиска Македонија, недвосмислено зборува дека секоја од нив ѝ го признавала правото на другата. Токму тоа го делегитимира наводното „историско право" на секоја од нив и ги открива нивните завојувачки претензии кон земјата и кон народот за кои тврделе дека се нивни, но во исто време биле подготвени да ги поделат со другите.

Од друга страна, споменативе балкански земји за обезбедување алиби за своите претензии во Македонија и за мобилизирање повеќе внатрешни „национални" сојузници за своите каузи развиле силни пропагандни активности. Целна група кон која претендирале трите држави било православното христијанско население, кое во основа не било ниту грчко, ниту бугарско, ниту српско, иако соодветните држави преку своите пропаганди настојувале да го докажат токму тоа. Покрај нив, на пропагандното поле за „своја народност" во Македонија заиграла и Романија, која, играјќи на картата на Власите, всушност вршела притисок врз Бугарија за територијална компензација во Добруџа. Споменативе пропаганди финансиски помагале при градба и при обнова на цркви и на училишта, при обезбедување црковна и училишна литература, при издршка на училишта и на учители, при финансирање интернати за ученици, при доделување стипендии за ученици во земјата

и во странство, при издршка на лекари и слично. Во оваа пропагандна трка по „македонските души“ бил ангажиран огромен финансиски и интелектуален потенцијал од соодветните земји, но истовремено со разни „субвенции“ бил мобилизиран значаен дел од локалните првенци и од интелектуалната елита. Успехот на секоја пропаганда зависел од влогот и од неофицијалната поддршка од официјалните власти. Пропагандниот натпревар во Македонија прераснал во бескомпромисна војна за секое село, за секоја црква и училиште, за секоја христијанска душа, сеедно жива или мртва. Притоа, често се случувало одредени лица повеќепати да ги променат покровителите, а во едно исто семејство да се најдат тројца браќа со три различни „националности“?! Со таквите апсурдни ситуации честопати се соочувале повеќе независни посетители на Македонија.

Во основа, кон крајот на XIX век, во османлиска Македонија на површина избиле сите внатрешни противречности на Империјата. Генерално, на една страна биле муслиманите, кои, без оглед на своето етничко и социјално потекло, се идентификувале со државата што забрзано тонела и се јавувале како нејзини бранители. Тие за главен дестабилизирачки фактор и за носител на сите несреќи во Империјата ги сметале христијаните. Од друга страна, православното христијанско население, поради надворешните пропагандни влијанија, не било хомогенизирано околу една идеологија. Христијаните, кои биле поделени во повеќе конфесионални заедници, од една страна, се стремеле за ослободување од османлиската власт, но во исто време за свои ривали (дури и поголеми непријатели од Османлиите) ги сметале припадниците на другата (противставената) православна заедница. Од оваа ситуација настрана останале Евреите, кои се раководеле единствено од своите економски интереси, без да пројавуваат политички тенденции.

**3**. Во такви сложени услови кон крајот на XIX век созревале младите македонски интелектуалци, кои станале организатори и носители на македонската револуционерна борба и на идејата за македонска држава. Повеќето од нив своето образование го стекнале во бугарските егзархиски училишта во османлиска Македонија каде што потоа станале учители. Малкумина се школувале во европските земји, но и тие претежно работеле во егзархиските образовни институции. Соочени со македонската реалност и загрижени за иднината на својата татковина, младите патриоти излезот од османлискиот македонски лавиринт го гледале преку создавање револуционерна организација и кревање едно општо востание, како единствено средство за свртување на вниманието на европската дипломатија кон Македонија.

Зачетоците на идејата за формирање револуционерна организација во Македонија биле исфрлени од Македонското студентско друштво (МСД)

во Софија кон крајот на 1890 година. Меѓу неговите поистакнати членови се вбројуваат: Петар Поп Арсов, Дамјан Груев, Димитар Мирчев, Христо Поп Коцев и други. МСД си поставило како цели: 1. ослободување на Македонија од османлиската власт; 2. формирање револуционерна организација во Македонија; 3. придобивање истомисленици и нивно испраќање во Македонија; и 4. издавање на едно списание што ќе се спротивстави „не само на турскиот терор туку и на туѓите пропаганди што го делат народот на Срби, Грци и Бугари". Друштвото имало конспиративен карактер, а своите идеи планирало да ги пласира преку издавање на едно списание. Меѓутоа, активностите на Друштвото биле прекинати во март 1891 година, кога поради убиството на Христо Белчев (бугарски министер за финансии) започнало апсење на Македонците во Бугарија, при што биле уапсени Даме Груев и Никола Наумов (иако немале ништо со убиството).

Во втората половина на 1891 година, членовите на МСД што останале во Софија ја формирале Младата македонска книжевна дружина (ММКД), која на почетокот на 1892 година започнала да го издава списанието „Лоза". Редактор на списанието бил Петар Поп Арсов. Списанието било печатено на еден специфичен јазик и правопис, различен од бугарскиот, со нагласени македонски особености. Низ неговите страници на еден мошне вешт начин се настојува да се прикаже посебниот историски и културен карактер, при што се води сметка да се задоволи и вкусот на бугарското општество. Сепак, во предговорот на списанието отворено се вели дека Дружината има намера да се спротивстави на странските пропаганди во Македонија. Во врска со тоа, во предговорот на „Лоза" стои: „Само еден поглед е доста за да се видат насушните потреби на нашата родина. Благодарение на последните политички настани на нашиот полуостров и географската местоположба на Македонија, денес таму се собрале севозможни надворешни елементи, кои воодушевено од своите сосипувачки планови и интереси за нашата иднина, слободно и со трескава енергија, го засилуваат антагонизмот, кој и така постои во земјата". Поради тоа, лозарите апелираат: „Само еден силен отпор од наша страна може да нѐ зачува од незаситените посегања..., затоа ни се потребни сили, а нашите се разнебитени, раздробени, значи треба да ги соединиме, да ги собереме во една моќна сила, сила – народна, ако сакаме да ја зачуваме иднината на нашата татковина. Тоа треба да биде стремежот на секој што-годе чувствителен Македонец, каде и да се наоѓа тој".

По излегувањето на првиот број на „Лоза", бугарското општество жестоко се нафрлило врз лозарите, обвинувајќи ги за сепаратизам. Предводничката улога ја имал провладиниот весник „Свобода". Така, во него, покрај другото, пишува: „Како што гледате, Македонската дружина

смета дека нивната татковина е Македонија, дека последната е населена со одделно словенско племе наречено Македонци, дека таму се собрале севозможни надворешни елементи, т.е. Бугари, Грци и Срби... дека целта ѝ е да ни дадат еден силен отпор и да се зачуваат од нашите разбојнички посегања и дека 'Лоза' ќе ѝ служи на истата цел!!!" Во средината на 1892 година, по излегувањето на вториот двоброј на списанието, бугарската влада ја забранила „Лоза" и ја растурила ММКД. Со тоа таа не се спротивставила само на едно списание и дружина туку и на една идеја како зародиш на организираното македонско национално движење, кое го прогласиле за сепаратистичко. Една година подоцна, дури тројца од протагонистите на МСД и на ММКД се вброиле во основоположниците на Македонската револуционерна организација.

**4**. Главен иницијатор за реализирање на идејата за Македонска револуционерна организација бил Дамјан Груев. На негова иницијатива, на 23 октомври / 4 ноември 1893 година во Солун бил одржан основачкиот состанок на МРО. На него присуствувале: Даме Груев (од с. Смилево, Битолско), Петар Поп Арсов (од с. Богомила. Велешко), Христо Татарчев (Ресен), Иван Хаџи Николов (Кукуш), Андон Димитров (с. Ајватово, Солунско) и Христо Батанџиев (Гуменџе). Според местото на раѓање, тројца од основоположниците на МРО потекнуваат од територијата на денешна Република Македонија, а другите тројца од делот на Македонија што денес е во составот на Р. Грција. На основачката средба шесттемина, откако констатирале дека во Османлиската Империја не постојат услови за подобрување на положбата на христијанското население по легален пат, едногласно ја прифатиле идејата да се конституираат во револуционерна организација, но притоа не биле утврдени никакви формалности.



*Петар Поп Арсов*



*Даме Груев*



*Христо Татарчев*

Конкретното конституирање на МРО било на 5 јануари 1894 година, за време на коледарската ваканција. Тогаш биле утврдени името на Организацијата, политичката цел кон која ќе се стреми и средствата за нејзина реализација. Истовремено, шесттемина се прогласиле за членови на Централниот комитет. Притоа, за претседател на ЦК на МРО бил избран Христо Татарчев, а за секретар и за благајник – Даме Груев. Истовремено, Петар Поп Арсов бил задолжен да подготви нацрт-устав за Организацијата и да напише една книшка за разобличување на бугарската политика и пропаганда во Македонија. Споменатава книшка излегла од печат истата 1894 година под наслов „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници". Во неа Поп Арсов аргументирано докажува дека во Македонија постои „бугарска пропаганда", чија цел е „да создава Бугари", но притоа додава дека „народност со пари не се купува".

На јануарската средба било решено Организацијата да се именува како Македонска револуционерна организација, а нејзиниот највисок раководен орган бил именуван како Централен македонски революционерен комитет. При определувањето и при дефинирањето на целта на Организацијата, појдовна основа претставувал членот 23 од Берлинскиот договор. Меѓутоа, според Х. Татарчев, откако овој член им се видел мошне апстрактен, решиле да го заменат со една „попластична фигуративна формула – автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници". Идејата за автономија на Македонија била прифатена од тактички и од прагматични причини. При утврдување на целта, творците на МРО тргнале од сложеноста на македонското прашање. Ним им биле познати меѓународните обврски на Османлиската Империја и ставот на големите сили за зачувување на постојниот статус кво на Балканот. Покрај тоа, тие ги чувствувале претензиите на соседните балкански држави кон Македонија и последиците од дејствувањето на нивните пропаганди. Оттука, автономијата во дадениот момент изгледала како најпогодно решение за македонското прашање од повеќе причини: 1. идејата за автономија на Македонија имала меѓународна подлога во членот 23 од Берлинскиот договор; 2. со автономија на Македонија, формално-правно не се нарушувале територијалниот интегритет и суверенитет на Османлиската Империја; 3. околу идејата за автономија на Македонија полесно можел да се обедини поголемиот дел од разединетото македонско население; 4. со идејата за автономија на Македонија сметале дека ќе ги амортизираат аспирациите на соседните балкански држави, од каде што очекувале морална и материјална помош.

Идејата за автономија на Македонија не добила елаборација во основните акти на Организацијата. Оттука, оваа формула во бугарската историографија, врз основа на една реченица од спомените на Х. Татарчев,



*Првиот печат на МРО со потписите на Х. Татарчев и на Д. Груев*

најчесто се толкува како етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија. Меѓутоа, ако посериозно се проследат работите, тогаш не само што не може да се најде издржан аргумент во прилог на оваа теза туку, напротив, може да се каже дека зад автономниот принцип се крие идејата за независна македонска држава, која треба да дојде како втора етапа. За тоа постојат повеќе изворни сведоштва.

Оваа идеја на почетокот била навестувана внимателно и тивко, но подоцна добила нешто поширока афирмација. Така, на пример, Гоце Делчев – најистакнатиот челник на македонското револуционерно движење за Македонија како „слободна државичка“ му пишува на Ефрем Каранов уште во 1895 година. Петар Поп Арсов за „идна македонска државичка“ пишува во 1897 година. Весникот „Право“ на опозицискиот Врховен македонски комитет, кој важел за неофицијален орган на Организацијата, во една статија од 1902 година пишува: „Внатрешната революционерна организација ќе му даде секому да разбере дека работи за единството и за независноста на Македонија како слободна држава на Балканскиот Полуостров. Таа организација давала и во иднина ќе дава докази дека не е агент на никоја од балканските држави, туку агент само на македонската слобода и независност. Со таквите докази таа постепено ќе ги отстранува племенските разлики во Македонија и ќе го организира идниот, ако и разнобоен, но способен да се самоуправува мирно и тивко, македонски народ“. Истата 1902 година, Петар Бошњаков во својата книшка „Бугарската пропаганда во Македонија“ пишува дека целта на Организацијата не била да ја осуштестви „Голема Бугарија“, туку да „прогласи самостојна македонска државичка на Балканот“. Јане Сандански при една расправа со врховистите за време на востанието во 1903 година, меѓу другото, истакнал: „Ние не сакаме да ги замениме турската тиранија и турските султани со други такви, дури ни со бугарската тиранија и со бугарскиот кнез. Ние сакаме Македонија да биде автономна, независна, слободна, Македонија на Македонците... Вие ја сакате слободата на Македонија како средство, како етапа, за идното завојување и присоединување, а кај нас автономијата на Македонија е легната во основата како цел“.



*Јане Сандански*



*Гоце Делчев*

Самата Организација сфаќањето за автономијата сосема кратко го изнела во својот официјален орган „Револуционерен лист“ во 1905 година. Тоа гласи: „Автономијата на Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава“. Истата 1905 година, Даме Груев ќе изјави дека Организацијата дејствува наполно самостојно издигнувајќи ја паролата „Македонија на Македонците“ и дека „не сака за ништо судбината на Македонија да ја потчини на судбината на Кнежеството (Бугарија, б.н.)“, потоа дека главна цел е автономија на Македонија, а никакво присоединување кон Бугарија.

Дека зад принципот за автономија на Македонија се криела идејата за независна македонска држава јасно се гледа од некои акти на Бугарската народна македоно-одринска организација, која во 1910 година настојувала да го земе местото на распуштената ВМОРО и да ја сврти нејзината борба според потребите на бугарските интереси во Македонија. Така, во резолуцијата на оваа организација од 4/17 мај 1910 година, меѓу другото, се вели дека ВМОРО уште при своето создавање „била поставена на интернационална и сепаратистичка основа“ поради што „таа си задала и погрешна цел, поставувајќи ја политичката формула ’Македонија на Македонците‘ за цел, а не за средство“. Додека, пак, во повикот на оваа организација од 1/14 август 1910 година се вели дека основачите на ВМОРО направиле „една фатална грешка“ бидејќи Организацијата ја поставиле на „интернационална почва, при што си поставиле недостижна цел – создавање независна македонска држава, која ќе послужела како

јадро на идната балканска федерација. Иако оваа интимна мисла не беше внесена во основите, таа беше водечка идеја во целиот петнаесетгодишен живот на Организацијата“.

Петнаесетина години подоцна, Никола Зографов пишува дека раководителите на Организацијата биле со „цврсто убедување дека само автономната слободна држава Македонија ќе даде задоволување на нејзиното население, ќе го ослободи од турската држава и ќе го постави во најповолни услови за развој со соседните држави: Србија, Грција и Бугарија“. Додека, пак, Тодор Поп Антов во своите спомени пишува: „Целта на Револуционерната организација беше отцепување на Македонија во нејзините географски граници и нејзино издигнување во автономна држава“.

Ако го имаме предвид погоре изнесеното, лесно ќе сфатиме зошто оваа организација уште во својот зародиш од проегзархиските средини била маркирана како „сепаратистичка“, а нејзините протагонисти како „сепаратисти“.

Според првиот устав на Организацијата (1894 г.), е утврдено дека нејзината цел е извојување „полна политичка автономија“ ( чл. 1), до која треба да се дојде преку „едно општо повсемесно востание“ (чл. 2). Според уставот што е изработен по Солунскиот конгрес од 1896 година, се вели дека Организацијата имала цел „да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и во Одринско, без разлика на народноста, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области“ (чл. 1). За постигнување на таа цел, во чл. 2 од Уставот на ТМОРО се вели дека „Организацијата ќе се бори за премавнување на шовинистичките пропаганди и на националните караници, што го делат и го ослабуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател“, дека ќе дејствува за „внесување револуционерен дух кај населението“, како и дека ќе ги употреби сите сили и средства за побрзо вооружување на населението „за едно општо и повсемесно востание“. Целта на Организацијата речиси на ист начин е дефинирана и во уставот од 1905 година. Меѓутоа, овој пат се имаат предвид отворените територијални претензии на соседните држави кон Македонија и кон Одринско, поради што во членот 2 од овој устав е внесена уште една одредба, во која се вели: „Организацијата им се спротивставува на сите стремежи за поделба и за освојување на овие две области од која и да било држава“. Според ова, очигледно е дека Организацијата, бранејќи го територијалниот интегритет на Македонија и на Одринско од туѓи завојувања, всушност на индиректен начин се јавува и како заштитник на територијалниот интегритет на Османлиската Империја.



Уставъ
на
Тайната македоно-одринска
революционна организация
Глава I
Цѣль

Чл. I [illegible]

Чл. 2 [illegible]

Глава II
Съставъ и устройство.

Чл. 3. Тайната македоно-одринска революционна организация [illegible]

Чл. 4. Членъ на Т.М.О.Р.О. може да бъде всѣки [illegible]

*Уставот на ТМОРО*

МРО на почетокот била прагматична и при мобилизирањето на членството. Со оглед на фактот дека творците на МРО произлегувале од егзархиските средини и дека поголем дел од македонското христијанско население било под духовно покровителство на Бугарската егзархија, на почетокот било одлучено членството да се регрутира токму од тие средини. Меѓутоа, интересно е тоа што при мобилизиирањето на членството како подобни се прифаќале оние што биле критички настроени кон егзархиската црковно-просветна политика во Македонија. Според сведоштвата на основоположниците, но и според првиот устав, член на Организацијата можел да биде секој „Бугарин“. Според османлискиот милет-систем, тоа подразбира секој припадник на Егзархијата. Оттука, случајот со терминот „Бугарин“ треба да се сфати како синоним за конфесионална припадност, а не како етноним. Неслучајно Х. Татарчев пишува дека префиксот „бугарска“ намерно бил изоставен од името на Организацијата (МРО) и на Централниот комитет (ЦМРК).

Меѓутоа, според уставот на ТМОРО што е изработен по Солунскиот конгрес од 1896 година, е предвидено дека член на Организацијата може да биде секој „Македонец и Одринец". Според истиот устав, Организацијата се изјаснила и за премавнување на „шовинистичките пропаганди", кои го делат и го ослабуваат македонското и одринското население во неговата борба против заедничкиот непријател. Терминот Македонец во овој устав е искористен во политичка, а не во етничка смисла. Меѓутоа, определбата за борба против шовинистичките пропаганди сугерира тенденција за обединување на македонското население под терминот Македонец околу идејата за автономија на Македонија и под девизата „Македонија на Македонците". Додека во членот 5 од уставот на ВМОРО од 1905 година Организацијата изјавила дека нејзин член може да биде „секој жител на европска Турција, без разлика на пол, вера, народност и на политичко убедување". Очигледно под влијание на интернационализмот, Организацијата ја проширила својата платформа за натамошно интегрирање на македонското население околу идејата за автономија на Македонија.

Според официјалната документација, се забележува дека Организацијата во врска со националното прашање била воздржана или пак дека прагматично тактизирала. Сепак, некои сегменти од ова прашање делумно биле отворени во 1902 година во кругови блиски до Организацијата и со учество на нејзините протагонисти. Така, во тој период почнало да се зборува за „независна политика, чисто македонска", потоа за унија со римокатоличката црква, за отцепување од Егзархијата и за формирање одделен синод под изговор дека се обновува Охридската архиепископија, а населението, ако треба, да се именува како „македонски Славјани". Во исто време, во весникот „Право" на опозицискиот Врховен комитет, кој ги застапувал интересите на Организацијата, почесто почнува да се користи терминот „македонски народ" во контекст на Организацијата. Така, во еден текст од 1902 година, меѓу другото, пишува: „Внатрешната револуционерна организација не може и не треба да се солидаризира со погледите на патриоти надвор од сферата на Македонија, зашто таа не може и не треба да го смета македонскиот народ за кал од кој може да се прави денес едно, утре друго, без да се плаши дека ќе се претвори во пепел и прав".

Како и да е, треба да се одбележи дека Организацијата пројавила тенденција да го обедини македонското население околу идејата за автономија на Македонија, но дека резултатите на тој план биле скромни. Организацијата и нејзината борба за автономија на Македонија доминантно биле прифатени од македонското егзархиско население, а само делумно од патријаршиското и од влашкото население.

5. Според уставите и правилниците од 1894 и од 1896 година, Организацијата била поставена врз централистичка основа. Највисок раководен орган бил Централниот комитет, а нему му биле подредени окружните, на овие околиските, а ним селските комитети. Иницијативите доаѓале од раководниот центар од горе надолу. Според уставот и правилникот од 1905 година, е задржана истата организациска поставеност, но притоа е воведена широка децентрализација во раководењето, при што иницијативите поаѓале од долу кон горе. Додека ЦК бил највисок раководен орган, највисок законодавен орган на Организацијата бил конгресот. Меѓутоа, факт е дека во предилинденскиот период конгресите ретко се практикувале, а улогата и задачите на конгресот воопшто не се засегнати во актите од тој период. Конгресот добил многу поголемо значење во поилинденскиот период.

Од организациски аспект, на територијата на Македонија постоеле следниве пет окружни комитети: Солунски, Битолски, Скопски, Струмички и Серски. Шестиот округ – Одринскиот се наоѓал во Тракија, надвор од Македонија. Затоа, во името на Организацијата е внесено и Одринско, но тоа се смета како одделна област. Всушност, Одринско во првичните разговори не влегувало во програмата на МРО, вниманието било насочено исклучиво кон Македонија. Според Х. Татарчев, идејата за вклучување на Одринско во Организацијата дошла нешто подоцна, бидејќи „положбата на христијанското население таму, особено на бугарското, не се разликуваше во ништо од онаа на македонскиот народ каде што политичко-социјалните и економските услови беа речиси идентични со оние во Македонија“. Како и да е, првиот комитет во Одринско бил формиран во 1895 година.

На почетокот, приемот на нови членови во Организацијата се вршел по извесно сондирање на личноста и по препорака од трети лица. Подоцна се забележани случаи на масовно и јавно зачленување, пред сè во црквите и во училиштата. Првите членови биле мобилизирани меѓу учителите, учениците од горните класови, еснафите, свештениците и селанството. За привлекување на членството се практикувале разни методи на агитација како: критика на егзархиската црковно-просветна политика во Македонија, организирање вечерни и неделни училишта за наводно елементарно описменување за возрасни, каде што всушност се вршела револуционерна агитација преку предавања за ослободувањето на балканските земји, за Француската револуција, за обединувањето на Италија и на Германија, за војната за независност на САД и сл. Стапувањето во Организацијата претставувало свечен чин со утврден ритуал на полагање заклетва, пред евангелие, кама и револвер. Притоа, кандидатот се заколнувал дека верно ќе ѝ служи на Организацијата и ќе работи за ослободувањето на

Македонија. За евентуално предавство следувала смртна казна. Членовите на Организацијата биле храбри луѓе што со презир гледале на смртта. Впрочем, таква била и девизата на организацијата – „Слобода или смрт“. Многумина во безизлезни ситуации последниот куршум го чувале за себе. Во македонската мартирологија постојат многубројни примери на саможртва пред олтарот на слободата.

Членовите на Организацијата од конспиративни причини практикувале тајнопис, користејќи разни шифри. За луѓето и за населените места се користеле псевдоними, кои по потреба се менувале. Така, на пример: Даме Груев најчесто го користел псевдонимот Брајан, Г. Делчев – Ахил, Ѓорче Петров – Марко итн., додека Солун бил именуван како Света Гора, Битола како Ерусалим, Охрид како Белград, Струмица како Вирово, Смилево како Чикаго и сл. За пренесување на тајните пратки – писма, литература, оружје и муниција – била организирана курирска служба.

Воспоставувањето на организациската мрежа на територијата на Македонија се одвивало внимателно, но сигурно. Вкоренувањето на револуционерната идеја меѓу македонското население налагало макотрпна, конспиративна и пред сè апостолска активност. Најпрво требало да се продре во душата на секој поединец, да се искорени неговиот поданички менталитет, да му воскреснат духот и самодовербата, па дури потоа да се поведе во вооружена борба за автономија на Македонија. Карактерот на таквата филозофија при агитирањето најдобро го илустрираат зборовите на Гоце Делчев дека робот најпрво треба да престане да биде таков во својата душа, а потоа ропството ќе исчезне само по себе. Во исто време, населението се подготвувало да се надева исклучиво на своите сили, без да очекува помош однадвор. Во врска со тоа, Гоце Делчев во 1895 година пишува: „Ослободувањето на Македонија лежи во внатрешното востание. Кој мисли дека Македонија ќе се ослободи поинаку, тој се лаже и себеси и другите“. Во сличен дух, Петар Поп Арсов проповедал: „Секој што ќе ни ја подари слободата ќе ни ја земе земјата“. Се разбира, таквата агитација не е резултат на некаква аутистичка поставеност на Организацијата, туку последица на пропагандните агитации што доаѓале однадвор, пред сè од соседните земји, кои имале територијални претензии кон Македонија.

Организацијата се финансирала преку редовна членарина, доброволни прилози и средства стекнати со примена на насилни методи. Со зголемувањето на финансиските потреби на Организацијата се засилило и насилното собирање средства преку изнудување и киднапирање. Изнудувањето се применувало кон поимотните граѓани што биле опозициски настроени кон Организацијата. Додека, пак, киднапирањето се практикувало кон богати или познати личности, без оглед на нивната верска или етничка припадност. Во таа смисла, најспектакуларно било киднапирањето

на протестантската мисионерка мис Елен Стон, која била американски граѓанин. За нејзиниот откуп Организацијата добила 14 500 златни турски лири. Оваа афера, покрај другото, придонела и за публицитетот на македонското ослободително дело на американскиот континент.

Основната организациската мрежа на МРО на територијата на Македонија била воспоставена до 1896 година. До тој период, дејноста на Организацијата првенствено била насочена кон моралната подготовка на населението, кон формирање комитети и кон преземање на контролата во егзархиските црковно-училишни општини. Материјалните подготовки (вооружување и формирање воен кадар) што се неопходни за едно востание, кое било дефинирано како средство за постигнување на целта (автономија), во овој период биле во втор план. Сепак, во таа смисла, до тој период (1896), биле поставени основите на курирската служба, а одредени лица на полулегална основа биле ангажирани како „терористи". Тие вообичаено дејствувале како поединци, а понекогаш како тројки. Притоа, биле ангажирани за ликвидирање одредени непријатели, одделни насилници што го тероризирале населението, за ликвидација на докажани предавници и за изнудување пари. Всушност, тоа биле првите „вооружени луѓе", кои под формата на легалниот живот извршувале „нелегални активности". Бидејќи не биле организирани во постојани формации, не биле подготвени за акции со поширок карактер. Во истиот период, набавката на оружје сѐ уште имала симболично значење.

Вистински пресврт во воспоставувањето нови институции и во проширувањето на платформата на македонското ослободително движење настапила по Солунскиот конгрес од 1896 година. Кон крајот на истата година, биле поставени основите на институцијата Задгранично претставништво. Неговото седиште било во Софија. За прв задграничен претставник бил именуван Гоце Делчев, а набрзо во март 1897 година нему му се придружил и Ѓорче Петров. Задграничното претставништво требало да ги претставува интересите на Организацијата во Бугарија и пред другиот надворешен свет; да собира и да испраќа материјална помош за потребите на македонското ослободително дело; да набавува и да доставува оружје во Македонија; да ги брани интересите на македонското дело, особено од посегањата на Врховниот комитет, кој претендирал да се наметне како единствен раководен фактор и да го насочи македонското ослободително движење според потребите на бугарската политика и сл. Членовите на Задграничното претставништво биле членови и на Централниот комитет и во одредени кризни моменти дејствувале како раководен центар. Ингеренциите на Задграничното претставништво за првпат формално биле регулирани со правилникот од 1905 година, иако оваа институција била воспоставена кон крајот на 1896 година.

Бидејќи востанието било предвидено како единствено средство за постигнување на целта (автономија на Македонија), било неопходно да се подготви неопходниот раководен кадар, да се создадат вооружени сили, дел од населението да се оспособи за вооружена борба и да се обезбеди оружје. Овој процес се одвивал постепено низ неколку фази. Со уставот што бил изработен по Солунскиот конгрес од 1896 година е предвидено формирање чети за секоја револуционерна околија. Со тоа биле создадени претпоставки за формирање на првите чети, како претходница на идниот четнички институт. Главната улога при создавањето на „нелегалната армија" на МРО ја имал Гоце Делчев, кој поради своето воено образование ги поседувал неопходните квалификации за тоа. Првите чети почнале да се појавуваат во 1897 година. Нивниот број значително почнал да се зголемува по 1898 година, кога ЦК издал специјални инструкции. Улогата на четите во македонското револуционерно движење била уредена со специјални правилници. Тие, пред сè, имале агитациско-организациска улога, а за време на востанието требало да прераснат во боеви јадра на вооружениот народ. Обуката на раководниот воен кадар (војводи), како и на четниците, се вршела во т.н. четнички школи. Со првата четничка школа во Солунскиот вилает раководел Михаил Апостолов – Попето, а со оние во Битолскиот вилает – Марко Лерински и Никола Петров Русински.

Појавата на четите била од огромно морално значење за масовизирање на македонското ослободително дело. Преку четите, апстрактната ослободителната идеја добила конкретен материјален израз во очите на обичниот човек. Четите го подигнале престижот на Организацијата како во лицето на обичниот човек така и пред нејзините непријатели. Преку четите, Организацијата во очите на селаните добила значење на



*Ѓорче Петров*



*Михаил Апостолов – Попето*

„вистинска народна власт, авторитетна, справедлива до жестокост и способна да ги наложи своите решенија“. Паралелно со градењето на четничкиот институт, се забрзало и вооружувањето на Организацијата. Првите поголеми количини оружје биле набавени од Бугарија, но оружје се набавувало и од Грција, од Србија, па дури и од европските земји.



ПРАВИЛНИКЪ

ЗА

ЧЕТИТѢ НА ТАЙНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛ. ОРГАНИЗАЦИЯ.

Глава I.

Въ всѣки Револ. Околийски Районъ се урежда една чета, като не раздѣлна часть отъ Организацията. Тя се движи тайно изъ района по нужди на дѣлото и подъ разпорежданeто на мѣстния Комитетъ.

Глава II.

Назначение на четата.

а) агитация.

Чл. 1. Четата, като допълнителна часть на мѣстната района организация, обяснява и разпространява между населението идеята, цѣльта и задачитѣ на организацията опрѣдѣлени въ нейния уставъ и правилникъ.

*Правилник за четите*

Организацијата имала и свои судови. Организациските судови започнале да функционираат околу 1900 година, а нивната работа добила полна афирмација наредните години. Преку нив, Организацијата го воспитувала населението да ги бојкотира официјалните турски судови, а меѓусебните спорови да ги решава пред организациските судови. Речиси во исто време, Организацијата презела мерки за подигнување на општообразовното, на културното и на економското ниво на населението. Во таа смисла, биле преземени мерки за искоренување на разни суеверни верувања; ограничување на трошоците при разни обреди (свадби, погреби и сл.); искоренување на неморалните појави; унапредување на земјоделското производство со одгледување подоходни култури;

подигнување на нивото на јавното здравје; заштита на шумите како општонародно добро од прекумерна експлоатација и сл.

Според изнесеново, очигледно е дека Организацијата воспоставила повеќе институции и презела серија мерки за подигнување на економското, на образовното и на културното ниво со тенденција дури и да го насочува секојдневниот живот на населението или, поинаку кажано, функционирала како паралелна власт. Оттука, повеќемина светски трагачи по возбудливи приказни што дошле во Македонија за да се запознаат со животот на четите и со методите на македонската борба со право констатирале и преку своите книги го популаризирале митот дека таа претставува своевидна „држава во држава“ или една „подземна република“. Меѓутоа, Данкан Пери, кој настојува да се занимава со оваа тема (Duncan M. Perry, The Politics of Terror: the Macedonian Liberation Movements 1893 – 1903), без да ги познава и да ги земе предвид сите аспекти на дејствувањето на МРО, ги пренагласува само нејзините насилни методи на дејствување поради што ја маркира како прототип на терористичка организација, што не одговара на нејзиниот ослободителен карактер.

**6**. Македонската револуционерна организација се сметала за единствен легитимен претставник на ослободителната борба на македонскиот народ и затоа не трпела други организации на својата територија. Оттука, често доаѓала во судир со разни други организации и институции, при што со некои влегувала во отворен конфликт, со други била принудена на извесни компромиси, а некои ги апсорбирала во своите редови.

Уште при својот зародиш, МРО влегла во конфликт со проегзархиските средини во Солун поради своето настојување да ја преземе контролата во егзархиските црковно-училишни општини и да влијае врз назначувањето на учителите. Проегзархиските средини, откако забележале дека за сметка на Револуционерната организација го губат влијанието врз населението, во 1897 година, со поддршка на Егзархијата и на бугарската влада, во Солун го основале Тајното бугарско револуционерно братство. Негов претседател бил Иван Гарванов. Братството, кое наводно било формирано за борба против српската пропаганда, всушност било користено како алатка за притисок врз МРО од страна на бугарските кругови. Помеѓу двете организации постоело непријателство. Во 1899 година, со посредство на Врховниот македонски комитет, Братството било принудено да се самораспушти, а неговите членови биле примени во Организацијата. Ѓорче Петров, кој бил најголем противник на таквото помирување, овој чин го оценил како „втерување на волкот во трлото“. Набрзо, Иван Гарванов станал претседател на ЦК на Организацијата (1901). Според Ѓ. Петров, Гарванов како Бугарин на македонското прашање гледал низ бугарска призма.



*Борис Сарафов*

Во 1895 година во Софија македонската емиграција го формирала Македонскиот комитет, кој подоцна се преименувал во Врховен македонски комитет (ВМК). Овој комитет, кој формално се залагал за автономија на Македонија, злоупотребувајќи ги патриотските чувства на македонските емигранти во Бугарија, практично станал инструмент во рацете на бугарската политика кон Македонија. Во 1895 година, со поддршка на бугарската влада, комитетот извел една вооружена акција во североисточните делови на Македонија. Всушност, оваа провокација бугарската влада ја искористила како средство за притисок за меѓународно признавање на кнезот Фердинанд. МРО на почетокот очекувала искрена материјална и морална помош од Македонскиот комитет во Бугарија и за таа цел воспоставила директни односи со него. Но, откако ВМК, под претседателство на генерал Данаил Николаев, пројавил тенденција за примарна раководна улога во македонското ослободително движење, дошло до заладување на односите. Во 1899 година, со поддршка на задграничните претставници на Организацијата, за претседател на ВМК бил избран Борис Сарафов. За време на неговиот мандат, била воспоставена интензивна соработка, при што Организацијата добила значајна материјална помош за својата кауза. Меѓутоа, поради амбициите на Б. Сарафов да го преземе раководството на Организацијата, дошло до заладување на односите. Набрзо, Б. Сарафов, поради својата непромислена активност, бил притворен од бугарските власти, а со тоа и отстранет од раководството на ВМК. Во меѓувреме, на чело на ВМК се нашол Стојан Михајловски, но главната улога ја имал бугарскиот генерал Иван Цончев – близок човек на кнезот Фердинанд. Во меѓувреме, Борис Сарафов бил прифатен во редовите на Внатрешната организација.

Во 1902 година не само што дошло до прекинување на односите помеѓу ВМК и Внатрешната организација туку и до отворено непријателство. Цончев, во дослух со бугарските кругови, есента 1902 година организирал востаничка провокација во Македонија и покрај спротивставувањето на Организацијата. Со тоа директно ја дискредитирал подготовката на Организацијата за едно долготрајно и добро подготвено востание.

Суштината на судирот помеѓу ВМК и Внатрешната организација од 1902 година најдобро е опишана во извештајот на францускиот конзул во Солун – Л. Стег, од 3.12.1902 година. Во него се вели: „Денес добро е утврден карактерот на последниот обид за востание и се знае дека тоа е дело на Софискиот комитет... (Тој) со наглото забрзување на настаните сакаше да го земе во свои раце раководството на македонското национално движење. Што се однесува на чисто македонскиот комитет, чија Внатрешна организација и натаму останува мистериозна и со чисто автономистички тенденции, таа е во противречност со анексионистичките стремежи на Цончевиот комитет. Таа не се задоволува само со држење настрана од тоа движење, туку енергично се спротивстави како на туѓа предвремена иницијатива, осудена на неуспех“. Понатаму, Стег констатира: „Приврзаниците на Македонската револуционерна организација се далеку побројни и подобро организирани од оние на Софискиот комитет. Оправдано може да се претпостави дека тие, кога ќе почувствуваат дека е дојден денот за преземање на една иницијатива... востаничкото движење и без да има поголеми шанси за успех ќе земе значителни размери... Според некои сигнали, изгледа дека таа организација има направено сериозни подготовки за востание идната пролет“.

Во 1895 година во Софија била организирана Македонската социјалистичка група на Васил Главинов. Оваа група, под влијание на настаните во врска со македонското прашање, преку својот весник „Революција“ ја исфрлила паролата „Ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци“, истакнувајќи дека групата ќе се бори за „создавање независна македонска република“. Македонските социјалисти, откако согледале дека во османлиска Македонија, поради непостоењето на политичка слобода, нема услови за класна борба, ја прифатиле идејата за револуционерна борба и за создавање независна македонска република. Македонските социјалисти, под водството на Никола Петров Русински, на Веле Марков и на Никола Карев, во 1900 година создале свое јадро во Крушево, од каде што се обидувале да започнат со ширење на социјалистичките идеи во Битолскиот вилает. Меѓутоа, откако сфатиле дека во Македонија сè што негодува против османлискиот режим веќе било мобилизирано во ТМОРО и дека таа не трпи други организации на својата територија, ја напуштиле идејата за „самостојна работа врз база на класна борба“ и по долги преговори со Битолскиот окружен комитет во март 1901 година биле вклучени во Организацијата.

Внатрешната револуционерна организација во своите редови прифатила и дел од анархистите што во 1897/1898 година биле организирани во Македонскиот таен револуционерен комитет, кој, според својата програма, се залагал за целосно одделување на Македонија и на

Одринско во административна и во политичка смисла од султановата држава при „полна независност и најширока слобода за македонскиот народ да си создаде управа каква што тој сака“ со самоопределување на населението „без никаков странски притисок“. Најистакнат претставник на оваа групација е Михаил Герџиков. Од оваа групација произлегле и „гемиџиите“ – македонски анархисти што, наспроти идејата за востание, која била пропагирана од Внатрешната организација, сметале дека ослободувањето на Македонија треба да дојде преку изведување терористички акции против капиталните инвестиции на големите европски земји во Османлиската Империја. Гемиџиите, иако дејствувале како независна група, во реалноста не само што биле толерирани од Внатрешната организација туку дури и финансиски биле подржувани во нивните подготовки за изведување на Солунските атентати.

Од изнесеново е очигледно дека Внатрешната организација во своите редови апсорбирала поединци и групи, без оглед на нивното идејно и политичко убедување, кои во основа ги претпочитале методите на револуционерната борба за извојување политичка автономија на Македонија во рамките на османлиската држава и за нејзино конституирање како независна држава со републиканско уредување или како одделна политичка единица во една поширока балканска федерација. Наспроти тоа, Организацијата настојувала да ги елиминира најистурените претставници на разни пропаганди, кои се залагале за поделба и за завладување на Македонија (целосно или делумно) со некоја од балканските држави. Оттука, биле преземани поединечни егзекуции кон претставници на српската, на грчката и на бугарската пропаганда. За заштита на својата територија во поилинденскиот период, Организацијата влегла во отворен конфликт со четите на споменативе пропаганди.

7. Развојот на македонското револуционерно движење, големиот број афери и провали, зачестените судири меѓу четите на Организацијата и османлиските власти придонеле за афирмација на барањето за „политичка автономија“ на Македонија. Тоа, како и врховистичката востаничка провокација од 1902 година, ги натерале европската дипломатија и Османлиската Империја да преземат превентивни мерки за спречување на немирите во Македонија. Оттука дошла иницијативата за спроведување реформи. Тие, всушност, требало да дојдат како превенција против претстојното востание, за кое се очекувало дека наскоро ќе биде кренато од Внатрешната организација. Главни носители на реформската иницијатива и понатаму биле Русија и Австро-Унгарија. Дипломатите на двете земји се договориле реформите да се однесуваат исклучиво за територијата на Македонија, но од неа никако да не се создава единствена административна единица. Притоа, наместо терминот „Македонија“, прифатиле да се ко-

ристи терминот „трите вилаети“; наместо „Македонци“, да се користи терминот „христијанско население“;, а наместо „генерал-губернатор“, кој требало да го надгледува спроведувањето на реформите, бил именуван „генерален инспектор“. Очигледно двете земји, во согласност со своите интереси и со претходната спогодба во поглед на иднината на остатокот од османлиското наследство на Балканот, тенденциозно ги изоставиле од употреба сите термини што на кој било начин асоцирале на создавање одделна политичко-територијална единица под името Македонија. Таквиот концепт апсолутно им конвенирал на османлиските власти. Споменативе реформи официјално биле прогласени во февруари 1903 година, но тие не содржат речиси ништо од политичките барања на македонското револуционерно движење. Од друга страна, одлуката за востание во Македонија во средината на јануари 1903 година станала реален факт.

Под влијание на последиците од врховистичкото востание од есента 1902 година и новите закани за такво во претстојната пролет, потоа големиот број афери и провали, кои најчесто биле последица на судирите на четите со османлиската војска, како и поради раздвиженоста на дипломатијата во врска со прашањето за реформи во Македонија, кон крајот на 1902 година било отворено прашањето за востание во претстојната 1903 година. Споменатово прашање било поставено и решено на конгресот на Организацијата што се одржал во јануари 1903 година во Солун. На конгресот, кој се одржал под претседателство на Иван Гарванов, учествувале второстепени личности, кои лесно паднале под авторитетот на ЦК. Како мотиви за поставување на прашањето за востание Гарванов ги навел врховистичките закани за провоцирање ново востание во Македонија, наводно поволната меѓународна ситуација и неподносливоста на положбата во некои делови во Македонија поради репресијата на власта. Изнесениве аргументи имале реална подлога и делумна оправданост. Врховистичките закани биле факт. Наводно поволната меѓународна ситуација има поткрепа во тогашната иницијатива на големите сили за реформи во Македонија. Меѓутоа, од сегашна дистанција, не може да се прифати образложението дека меѓународната положба била навистина поволна. Третиот аргумент за неиздржливоста на положбата во некои региони навистина стои, особено ако се имаат предвид барањата на некои раководители (од Битолско и од Струмичко) за прогласување востание поради неподносливиот терор и масовните разоружувачки акции што ги спроведувала власта. На забелешките на некои раководители дека населението не било доволно вооружено, И. Гарванов ветил оружје од Бугарија и од Грција и воена интервенција од Бугарија против Османлиската Империја во прилог на востанието. Врз

основа на понудените аргументи, делегатите изгласале одлука за општо востание во Македонија во 1903 година, без да го определат датумот за почеток.

Во меѓувреме, задграничните претставници Христо Матов и Христо Татарчев, врз основа на иницијативата на ЦК, во Софија организирале повеќедневно советување во врска со прашањето за востание. На овие средби, покрај задграничните претставници, присуствувале: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Пере Тошев, Борис Сарафов и други. Притоа, копјата се кршеле околу карактерот и обемот на востаничките дејства. Задграничните претставници биле за општо масовно востание, а мнозинството, на чело со Г. Делчев и со Ѓ. Петров, било за засилено четничко-партизанко движење проследено со терористички акции. Тие сметале дека на тој начин востанието ќе опстане подолго време за да се предизвика посериозна интервенција на големите сили. Во меѓувреме, ЦК донел неповратна одлука за востание. Г. Делчев, не чекајќи го крајот на советувањата во Софија, заминал за Македонија за до го промовира новиот концепт на борба. Притоа, успеал да изведе атентат на мостот и на тунелот на реката Ангиста. Набрзо потоа, во Солун се сретнал до Дамјан Груев, кој штотуку се вратил од затвор, и со него разговарал за прашањето за востание. Тогаш се договориле Д. Груев да замине за Битолскиот, а Г. Делчев за Серскиот револуционерен округ за да организираат окружни конгреси во врска со востаничките дејства во соодветните окрузи. На пат за Серско, на 4 мај 1903 година, во с. Баница, Делчев загинал во судир со османлиските војски.

Во меѓувреме, гемициите, без да ги прифатат сугестиите од Организацијата за одложување на нивните дејства за подоцна, кон крајот на април 1903 година ги извеле познатите Солунски атентати. Меѓу другото, бил запален францускиот пароброд „Гвадилкивир“, била разурната фи-



Explosion et Incendie du „Guadalquivir“ des Messageries Maritimes en Rade de Salonique.
Catastrophe du 28 Avril 1903.

*„Гвадилкивир“ во пламен*

лијалата на Отоманската банка и неколку други помали акции. Со овие акции против странскиот капитал, тие сметале дека ќе го свртат вниманието на големите сили и ќе предизвикаат нивна интервенција. Тоа предизвикало сериозни репресии од страна на власта врз цивилното население, а во солунското пристаниште впловиле странски воени бродови.

Во меѓувреме, на теренот се одвивале сериозни подготовки за изведување на востанието. Пролетта 1903 година, Македонија сериозно мирисала на востание. На почетокот на мај, во Смилево, под претседателство на Даме Груев, бил одржан конгрес на Битолскиот револуционерен округ. На конгресот била донесена одлука за востание во Битолскиот округ, кој го опфаќал југозападниот дел на Македонија. За изведување на востанието бил избран Главен штаб (ГШ) во состав: Даме Груев, Борис Сарафов и Анастас Лозанчев. Истовремено бил усвоен востанички дисциплински устав, со кој биле утврдени обврските и одговорностите на ГШ, на реонските штабови, на војводите, на четите и на секој востаник. Притоа, ГШ е прогласен за врховен раководен орган на востанието со право да преговара со трети страни. Конгресот го овластил ГШ да го утврди и датумот за почеток на востанието во Битолскиот округ. ГШ донел одлука востанието да започне на 2 август 1903 година на православниот верски празник Св. Илија, од каде што подоцна дошло и името Илинденско востание.

Пред почетокот на востанието, ГШ испратил известување до дирекцијата на Источните железници предупредувајќи ги за евентуалните атентати по железничката линија и за можностите од невини жртви. Според декларацијата што од името на ЦК била испратена до претставниците на големите сили, минималните барања на Организацијата биле: 1. назначување, со согласност на големите држави, на еден главен управник – христијанин што никогаш не ѝ припаѓал на турската администрација, кој ќе биде независен од Високата порта при извршувањето на своите должности; 2. воспоставување на една постојна колективна меѓународна контрола со широки права на санкции.

Според одлуката на ГШ, востанието во Битолскиот округ започнало ноќта на 2 спроти 3 август 1903 година. Тоа било објавено со читање прогласи пред четите, со држење говори на војводите, церемонијално осветување на востаничките знамиња, палење востанички огнови, прекинување на телефонските и на телеграфските линии, напади на беговските кули и чифлизи, напади врз истурените османлиски гарнизони, како и со напади врз населени места. Иако било предвидено востанието да има партизански карактер, тоа веднаш прераснало во масовно востание поради вклучувањето на населението во него. Првите десетина дена поминале во знакот на востаничката иницијатива. Притоа биле ослободени



A la Direction
des Chemins de fer Orientaux en Turquie

Monsieur le Directeur!

L'Etat Major Général du Comité Révolutionnaire de Macédoine et d'Andrinople a l'honneur d'informer l'honorable Direction des chemins de fer Orientaux qu'il a pris la resolution à commencer ces jours une insurrection au nom de la liberté de la population chrétienne en Macédoine et au Vilayet d'Andrinople contre le régime Turque, qui depuis cinq siècles, non seulement n'a pas reconnu les plus simples des droits humains mais encore n'a pas montré et ne donne pas la moindre garantie pour la vie, la fortune et l'honneur de la population chrétienne qui en

ФН. XXXVIII/316

*Предупредување до дирекцијата на Источните железници*

повеќе населени места. Меѓу нив, секако, треба се споменат гратчињата Крушево, Клисура и Невеска. Покрај тоа, востаничката доминација силно се чувствувала во Демирхисарско, Кичевско, Охридско, Костурско и во Леринско.

Највпечатлив бил востаничкиот успех во Крушево, кое било ослободено на 3 август. Во него била организирана привремена востаничка власт, која во историјата и во свеста на македонскиот народ е позната како Крушевска Република. Комплетната организација на востаничка власт во Крушево била творба на реонскиот началник Никола Карев.

Во градот биле формирани совет од 60 члена и шесточлена „привремена влада“. Притоа, биле преземени мерки за зацврстување на одбраната на градот, за обезбедување на исхраната и на јавниот ред. Покрај тоа, била отворена работилница за поправка на оружје и за леење куршуми. Истовремено, во градот биле организирани повеќе револуционерни манифестации. За неутрализирање на жителите од околните муслимански села до нив била испратена специјална Прокламација, позната како Крушевски манифест. Овој документ (чиј оригинал досега не е пронајден)


Окрѫжно

До Центровитѣ, селскитѣ началници и народа

Братя!

Найсетнѣ многочакваний [illegible]

за разправа [illegible] ни душманинъ дойде [illegible]

[illegible]

кедония и Одрин[illegible] трѣбва да [illegible]

[illegible] въ рѫка срѣщу душманина с 20 Юлий

Послѣдвайте, братя, вашитѣ началници [illegible]

този день и [illegible] съберете подъ знамето на свободата

Упорствувайте, братя, въ борбата! Само въ упорита и дълготрайна борба е спасението [illegible]

Нека Богъ благослови правото ни дѣло и [illegible]

на въстанието.

Долу Турция! Долу тиранията! Смърт на [illegible]

Да живѣе Народа! [illegible]

Щ. [illegible]

Щабътъ

*Повик за почеток на востанието*

претставува своевидна декларација за целите на востанието, а тоа е „Автономија на Македонија", како заедничка татковина на сите, без разлика на нивната верска и етничка припадност. Востаничката власт во Крушево издржала десетина дена. На 11 август 1903 година османлиските сили го опколиле градот. Во него се наоѓале околу 1200 востаници, кои требало да се спротивстават на десетпати поброен непријател. На 12 август властите испратиле ултиматум за предавање на градот. Откако востаниците го отфрлиле ултиматумот, започнале борбите, кои траеле до доцна во ноќта. Востаничкиот отпор бил скршен, но главнината на востаничките сили успеала да се извлече благодарение на саможртвата на еден одред кај месноста Слива. Последната драма се одиграла кај месноста Мечкин Камен под водство на легендарниот војвода Питу Гули. Тој ја одбил наредбата за повлекување и со својот одред останал да се бори докрај. На оваа позиција загинале сите до еден. Веднаш потоа, градот бил подложен на силен артилериски оган. Следниот ден, османлиските сили влегле во градот, кој бил подложен на палење, пљачкосување, убивање и на силување. Крушевчани скапо го платиле обидот за слобода. Таква



Никола Карев



Питу Гули

судбина доживеале многу села во Битолскиот вилает, кои за трошка човекови права се обиделе да востанат против султанската власт.

Илинденското востание, иако било очекувано, ги затекнало османлиските власти недоволно координирани. Оттука, првите десетина дена востанието минало во знакот на востаничката иницијатива. По падот на Крушево, османлиската војска спровела систематска акција кон сите



Разурнато и опожарено Крушево

востанички центри. Притоа, била применета тактика на масовно палење на селата со невиден терор врз цивилното население. Тоа бил единствениот начин да се принудат востаниците на капитулација за да се одбегне долготрајната герилска војна со востаничките одреди по планините. За властите било битно за кратко време да се задуши востанието и да се одбегне вмешувањето на големите сили. Во текот на септември, властите воспоставиле контрола во поголемиот дел од вилаетот. Во меѓувреме, востаничките одреди биле потиснати во планините. Наоѓајќи се во безизлезна ситуација, особено поради силната репресија врз населението, Главниот штаб на 2 октомври 1903 година донел одлука за демобилизација на востаничките сили.

За разлика од Битолскиот округ, каде што востанието добило масовен карактер, во Солунскиот, во Скопскиот и во Струмичкиот округ востаничките дејства биле со партизански карактер и со послаб интензитет. Во Серскиот револуционерен округ било предвидено востанието да започне на празникот Крстовден. Меѓутоа, судирите со војската започнале нешто порано. Во овој округ до помасовни востанички дејства дошло во околината на Неврокоп и на Разлог.



*Востаничка чета*

**8**. Според Мемоарот на Внатрешната организација, за време на востанието во 1903 година, во Македонија настрадале 201 населено место. Притоа, биле опожарени над 12 400 куќи, без покрив над главата останале 70 836 луѓе, 30 000 лица биле принудени да побегнат од своите домови, а 8 816 мажи, жени и деца биле убиени. Очигледно,

востанието било катастрофално задушено. Од друга страна, востанието го предизвикало вниманието на слободољубивите луѓе во Европа и во светот. Европските весници постојано известувале за настаните во Македонија. На дипломатски план, востанието ги предизвикало Мирцштегските реформи, кои биле усвоени на почетокот на октомври 1903 година. Тогаш, повторно на иницијатива на Русија и на Австро-Унгарија, а во согласност со другите европски сили, била утврдена посебна програма за реформи, чие спроведување овој пат требало да се одвива под меѓународна контрола. Меѓутоа, со реформите, кои се однесуваат исклучиво за територијата на Македонија, како и со претходните Февруарски реформи, не било допуштено таа да се конституира како единствена административна единица на чело со генерал-губернатор со христијанско потекло. Напротив, таа останала поделена во три вилаети на чело со генерален инспектор. И овој пат тенденциозно се изоставени термините „Македонија", „Македонци" и „генерал-губернатор", а наместо нив се користат термините „трите вилаети", „христијанско население" и „генерален инспектор".

Неоспорно е дека Илинденското востание, со оглед на целта што ја проследувала Организација и на квалитетот на понудените реформи, се покажало како неуспешно, но од друга страна, тоа го наметнало македонското прашање пред европската дипломатија како одделно политичко прашање за разлика од неговиот поранешен третман како дел од глобалното Источно прашање. Внатрешната организација ја оценила Мирцштегската програма за реформи како недоволна и наполно ја игнорирала, без да го поддржи или да го попречи нејзиното спроведување. Несомнено, тоа е поради отсуство на политичко крило со дипломатски манири и со рационален прагматизам.

Во врска со Мирцштегските реформи, би додале дека, иако нивната главна цел била смирување на земјата и одземање на мотивите на револуционерното движење, тие со една недоволно промислена одредба предизвикале дополнителен заплет и влошување на положбата во Македонија. Конкретно во третата одредба на реформите е предвидено, откако ќе се констатира извесно смирување во земјата, да се изврши нова административно-територијална реорганизација за наводно подобро групирање на соодветните националности. Всушност, оваа одредба ги поттикнала владите на соседните држави да го променат курсот во дејствувањето на своите пропаганди и од културно-просветен да преминат на воен план. За таа цел, почнале да организираат и да испраќаат чети на територијата на Македонија, коишто со силата на оружјето вршеле притисок врз населението да се изјаснува во прилог на соодветните националности. Во оваа вооружена пропагандна „војна", не по своја

волја, било вовлечено и македонското револуционерно движење, кое дало голем број жртви. На тој начин, Мирцштегските реформи, наместо подобрување, мир и стабилност, иницирале внатрешен конфликт, кој бил инспириран и раководен однадвор. Во меѓувреме, кон крајот на 1904 и на почетокот на 1905 година, османлиските власти, врз основа на претходното искуство од судирите со македонското револуционерно движење, се реорганизирале и формирале специјални ловечки одреди за борба со четите на Организацијата. Како последица на новата тактика, од почетокот на 1905 година, османлиските власти ликвидирале повеќе чети на Организацијата, при што загинале многу истакнати дејци на револуционерното движење, како на пример: Сава Михајлов, Никола Карев, Христо Узунов, Дамјан Груев и други.

**9**. Поразот во востанието предизвикал криза во редовите на Организацијата при што биле отворени сериозни дебати за нејзиното идно функционирање. Поранешните критичари на идејата за масовно востание ја наметнале идејата за децентрализација. Наспроти нив биле поддржувачите на идејата за масовно востание, кои се залагале за зачувување на стариот централистички принцип со извесни модификации. Во меѓувреме, во април 1904 година, Централниот комитет се самораспуштил, а кон крајот на годината престанало да функционира и Задграничното претставништво. Во отсуство на централен раководен орган, иницијативата во свои раце ја презеле окружните комитети. Во текот на 1904 и на 1905 година, биле одржани повеќе окружни конгреси при што главно се разговарало за идното устројство на Организацијата. Притоа, доминирала идејата за децентрализација. Конечно, во октомври 1905 година бил одржан Рилскиот општ конгрес. На конгресот, под влијание на мнозинството, кое било реформски и демократски настроено, биле донесени нови акти (устав и правилник). Организацијата била преименувана во Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО), а притоа била воведена и широка децентрализација. За членови на ЦК биле избрани Даме Груев, Пере Тошев и Тодор Поп Антов, а во Задграничното претставништво влегле: Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов и Димитар Стефанов. На истиот конгрес биле разгледани серија прашања: за односот на ВМОРО кон врховистите, кон Бугарската егзархија, кон Мирцштегските реформи, кон странските пропаганди, кон внатрешните фракционери и друго. Покрај тоа, биле разгледани и серија прашања за подигнување на економското, на културното и на образовното ниво на населението и сл.

Промовираната децентрализација била тешко применлива во практиката во услови на илегална организација. Затоа, привидното единство што било постигнато на Рилскиот конгрес било со краток век. Веднаш по конгресот, продолжиле старите меѓусебни расправии со што

дошло до продлабочување на јазот. Непосредно пред одржувањето на вториот општ конгрес, во декември 1906 година загинал Дамјан Груев. Поради внатрешните раздори, кои биле поттикнувани и од надворешни влијанија, закажаниот општ конгрес не се одржал. На една страна се нашле Серскиот и Струмичкиот округ, кон кои клонеле дел од раководителите од Солунскиот и од Битолскиот округ. Најистакнат претставник на оваа групација бил Јане Сандански, а кон него клонеле; Христо Чернопеев, Пере Тошев, Петар Поп Арсов, Димо Хаџи Димов и други. На другата страна биле дејците од Скопскиот револуционерен округ, кон кои биле приклонети дел од дејците од Солунскиот и од Битолскиот округ. Предводници на оваа групација станале Христо Матов и Иван Гарванов, а кон нив се приклонил и Борис Сарафов. Последната групација одржувала блиски врски со бугарската влада, од каде што добивала финансиска помош. Нетрпението помеѓу двете групации кулминирало кон крајот на 1907 година кога, по налог на Ј. Сандански, Т. Паница ги ликвидирал Б. Сарафов и Иван Гарванов. Поранешното фракционерство резултирало со дефинитивен расцеп во македонското ослободително движење.



*Пере Тошев*



*Христо Матов*

Непосредно пред Младотурската револуција, македонското движење се нашло во две спротивставени групации, кои за време на Хуриетот се трансформирале во легални политички партии. Констатациите од типот, доколку македонското движење во овој период не било разединето, би можело да се стори нешто повеќе во поглед на идејата за автономија на Македонија, ги цениме како неосновани, бидејќи Младотурската револуција и воведувањето устав во Империјата, всушност, биле предизвикани од Ревалската средба и од англо-руската иницијатива за нови




*Македонските чети влегуваат во градовите за време на Младотурската револуција*

реформи во Македонија. Македонските револуционери, кои во прво време ги прифатиле хуриетските „слободи“, откако сфатиле дека се изманипулирани од младотурците, започнале повторно да се одметнуваат и да го обновуваат четништвото.

Како и да е, борбата за автономија на Македонија, која била појдовна точка во програмската платформа на македонското револуционерно движење во периодот 1893 – 1912 година, не наишла на сериозна и искрена поддршка, како кај соседните балкански земји така и кај големите европски сили, ниту пак кај Османлиската Империја, која по сè изгледа само на тој начин можела да ги зачува суверенитетот и интегритетот врз овој дел на Балканот.

Што би значело добивањето на автономија на Македонија во тоа време, најдобро може да се согледа од зборовите на бугарскиот министер за образование – Иван Шишманов, искажани есента 1903 година пред францускиот публицист, книжевник и новинар Гастон Рутие. Пред него Шишманов истакнал: „По десет години, ако Македонија стане автономна, таму нема да постојат ниту Бугари, ниту Срби, ниту Грци, ќе постојат само Македонци. Тие ќе имаат многу заеднички политички интереси, особено економски, што треба да ги создадат со својата неуморна работа

ако сакаат да бидат независни од државите што се понапредни од нив и чие производство би го уништило нивното.

Како земјоделци, не ќе им биде воопшто од интерес да се спојат со земјоделски земји какви што се Србија и Бугарија; како индустријалци, ќе сакаат да ја штитат својата индустрија, која ќе биде против нашата; најпосле, тие ќе сакаат да ги задржат за себе местата на функционери во нивната администрација и на офицери во нивната војска. Значи, Македонија ќе биде независна и Македонците ќе останат Македонци. Ако Европа го мисли спротивното, таа греши; ако Бугарите сметаат на бугаризација на Македонија, тоа се илузии".

## БИБЛИОГРАФИЈА


Амфитеатров А. В., Земја на раздорот, Скопје, 1990.

Андонов Х. Полјански, Илинденското востание и меѓународната јавност, Скопје, 1985.

Архив Христо Матов, Документален сборник, (съставител: Цочо Билярски), София, 2004.

Битоски Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија 1893 – 1903, Скопје, 1977.

Битоски Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје, 1983.

Битоски Крсте, Солунските атентати, Скопје, 1985.

Брејлсфорд Ноел Хенри, Македонија. Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2002.

Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители (превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев), Скопје, 2006.

Вътрешната македоно-одринска революционна организаця (1893 – 1919 г.), документи на централните ръководни органи, том I, част 2 (съставителство: Цочо Билярски и Ива Бурилкова), София, 2007.

Данкан Пери, Политиката на терор. Македонското револуционерно движење 1893 – 1903, Скопје, 2001/ во оригиналот: Duncan M. Perry, The Politics of Terror: the Macedonian Liberation Movements 1893 – 1903, 1988 Duke University Press.

Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893 – 1903), второ издание, Скопје, 1982.

Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје, 2003.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 1, Скопје, 1981.

Ѓорѓиев Ванчо, Петар Поп Арсов. Прилог кон Проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997.

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно национално-ослободително движење во Солунскиот вилает (1893 – 1903), Скопје, 2003.
Ѓорѓиев Ванчо, Автономијата – тактика или цел на МРО, Зб. 100 години Илинден 1903 – 2003 (прилози од научниот собир одржан на 6 – 8 мај 2003), т. 1, МАНУ, Скопје, 2005.
Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Скопје, 2010.
Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893 – 1903. Поглед низ документи, Скопје, 2013.
Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Зборник: Сто години од Балканските војни (Прилози од научниот собир одржан на 3 – 4 декември 2012 година, МАНУ; Скопје, 2013).
Единъ Македонец, Българската пропаганда въ Македония и Одринско, София, 1902.
Из архива на Гоце Делчев, Задграничното претставителство на ВМОРО в София до края на 1902 г. (подготвили за печат: Ива Бурилкова и Цочо Билярски), София, 2003.
Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија (редакција и коментар Љубен Лапе), Скопје, 1954.
Извештаи од 1903 – 1904 година на австриските претставници во Македонија (превод, редакција и коментар: Данчо Зографски), Скопје, 1955.
Јане Сандански и македонското ослободително дело (Зборник), МАНУ, Скопје, 2007.
Катарџиев Иван, Борба до победа, т. 1 – 4, Скопје, 1983.
Княжеството България и македонския въпрос, Протоколи од конгресите на Върховния македоно-одрински комитет 1895 – 1905, т. 1 (съставител: Цочо Билярски), София, 2002.
Кьосев Дино, История на македонското национално революционно движение, София, 1954.
Кьосев Дино, Гоце Делчев, Писма и други материали, София, 1967.
Лапе Љубен, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903 – 1953, Скопје, 1953.
Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, дел II (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975.
Макдермот Мерсия, За свобода и съвршенство. Биография на Яне Снднски. София, 1987.
Македонија во делата на странските патописци 1903, редактор: академик Александар Матковски, Скопје, MMVII.
Македонија во мултиратералните и билатералните договори на балканските држави 1861 – 1913. Документи (редакција и коментар: Михајло Миноски), Скопје, 2000.
Майски Никола Киров, Крушево и борбитѣ му за свобода, София, 1935.
Майски Н. К., Илиндень. Драма въ петь дѣйствия – Картини изъ великото македонско възтание прѣзъ 1903 год., София, 1923.

Македония и Одринско (1893 – 1903). Мемоаръ на Вѫтрешната организация, София, 1904.
Миноски Михајло, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање 1878 – 1903, Скопје, 1982.
Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1893 – 1903, София, 1979.
Пандевски Манол, Македонското националноослободително движење во XIX и XX век, т.1 – 5, Скопје, 1987.
Петров Ѓорче, Спомени. Кореспонденција (вовед, коментар и редакција: Љубен Лапе), Скопје, 1984.
Петров Тодор, Нелегалната армија на ВМОРО в Македония и Одринско 1899 – 1908, София, 2002.
Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ 1, София 1933, томъ 2, 1943.
Сониксен Алберт, Исповед на еден македонски четник, Скопје, 1997. (оригинал: original: Albert Sonnichen, Confessions of macedonian bandit, Duffield & companuu, 1909).
Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, сообщава: Л. Милетичъ, София, 1927.
100 години Илинден 1903 – 2003, т. I – II (Прилози од научниот собир одржан на 6 – 8 мај 2003), МАНУ, Скопје, 2005.
Татарчев д-р Христо, Спомени, документи, материали (съставител: Цочо Билярски, София, 1988.
Татарчев д-р Христо, Вътрешната македоно-одринска революциона организация като митологична и реална същност, София, 1995.
Терзиоски Растислав, Руската дипломатија и македонското бранување (крајот на XIX и почетокот на XX век), Скопје, 2006.
Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија, Скопје, 1989.
Турски документи за Илинденското востание (избор, превод, редакција и коментар: Александар Стојановски), Скопје, 1993.
Фикрет Аданър, Македонският въпрос, София, 2002 (оригинал: Fikret Adanir, Die Mskedonishe Erage, Wiessbaden, 1979).
Френската жѫлта книга по македонския въпросъ (Прѣвел от оригинала Д. Ризовъ), София, 1903.
Христов Александар – Донев Јован, Македонија во меѓународните договори 1875 – 1919, Скопје, 1994.
Шатев Павел, В Македония под робство, София, 1968.
Шопов Атанас, Дневник, дипломатски рапорти и писма, София, 1995.